***З А П И С Н И К***
***од шеста седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 09.02.2026 година***

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Богдан Стојановски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска, Гоце Јончевски и Илче Ангелевски. На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Игор Дамјановски, Марина Поповска, Тони Петровски. Присутен беше командирот на ОВР-ПС од ОН Демир Хисар Николче Јошевски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2026 година на општина Демир Хисар.
2. Донесување на Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2026 година.
3. Усвојување на Извештај за работата на Одделение за внатрешни работи- Полициска станица од општа надележност Демир Хисар за 2025 година.
4. Донесување на Решение за разрешување и именување на претседател на Комисија за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи.
5. Донесување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на премин преку река во н.м. Мренога.
6. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација.
7. Донесување на Решение за разрешување на член во статутарно правна комисија.
8. Информација до каде е постапката за изградба на храмот Св. Кирил и Методиј во Демир Хисар.
9. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата констатира присуство на сите членови на советот, предложениот дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на Дневниот ред со три точки и тоа како точка 5.Донесување на Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на премин преку река во н.м. Мренога, точка 6. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација и точка 7.Донесување на Решение за разрешување на член во статутарно правна комисија. Советникот Љупчо Најдовски предложи да се дополни дневниот ред со уште една точка Информација и расправа до каде е постапката за изградба на храмот Св.Кирил и Методиј, бидејќи е присутен градоначалникот да даде информација. Претседателот на Советот Никола Дранговски предложи тоа да биде во предлози и прашања. Советникот Љупчо Најдовски предложи како точка 8 да се дополни Информација до каде е постапката за изградба на храмот Св. Кирил и Методиј во Демир Хисар. Други предлози и забелешки немаше. Со 11 „за“ беше усвоен Дневниот ред со дополнувањето.

***Точка1. Одлука за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2026 година на општина Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2026 година на општина Демир Хисар објаснување имаше градоначалникот Никола Најдовски. Имено со измените на предлог годишниот планот за вработување за 2026 година планирани се три вработувања во територијалната противпожарна единица, на веќе испразнети работни места од кои две се на основ на пензионирање, и едно по основ на престанок на работен однос. Во ТППЕ имаше вработено 10 лица од кои за 7 лица платите се преку блок дотациите, од овие 7 работни места три се испразнети, а има зголемување на блок дотацијата. За пополнување на овие места по трет пат бараме согласност за пополнување и се надеваме дека ќе ја добиеме. Моментално се 7 вработени од кои двајца веќе исполнуваат услови пензионирање, имаат можност да продолжат или да одат во пензија тоа е нивно право, со ваквата состојба ТППЕ не може да формира смени без да има дополнително ангажирање на вработените. Функционираат на мининамелен број на вработени неможат да одговорат на потребите, не можат да ги формираат смените. Предложи советот да ги изгласа измените на планот за да се продолжи постапката за вработување на овие лица. Потребна е согласност од Министерството за одбрана и Министерството за финансии, потоа се распишува оглас за вработување, во интерес на сите е ТППЕ да е екипирана, заради безбедност. Советникот Гоце Јончевски забележа двајца ќе ги исполнат условите за пензионирање во 2026 година, има информација дека едниот од нив ќе продолжи со работа. Градоначалникот Никола Најдовски објасни планот се однесува на веќе испразнети работни места, во образецот треба да се наведе и планирани пензионирања, затоа се наведени двете лица кои во текот на 2026 година ќе ги исполнат условите за пензионирање, можат да се пензионираат или да продолжат. Раководителот Игор Дамјановски објасни во годишниот план за вработување ние мора да ги евидентираме во 2026 година двајца исполнуваат услови за пензионирање, дали ќе одат во пензија зависи од нив. Секоја година изготвуваме извештај колку е реализиран планот. Во ТППЕ има три испразнети места две поради пензионитање и на еден му е прекинат работниот однос, а за 2026 година има зголема блок дотација за ТППЕ, очекуваме согласност за вработување, законски минум вработени во пожарната се девет, моментално има седум, а по систематизација има планирано 11, затоа бараме поддршка од советот, потоа согласност од министество за јавна администрација, министерство за одбрана и министерство за финансии. Исто предложи да се направи корекција во дел 4 во планираните износи за плати, бидејќи кога се изготвуваше планот се планираше за 10 месеци, но постапката ќе одземе повеќе време затоа се намалуваат планираните суми. Советникот Гоце Јончевски праша ако двајцата пожарникари кои исполнуваат услови за пензионирање одлучат да продолжат да работат дали ќе има доволно средства и со планираните вработувања. Градоначалникот Никола Најдовски објасни дека се имаше во предвид тоа овие средства се доволни. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша дали со блок дотацијата, бидејќи е зголемена ќе се покријат трошоците и за тие кои ги плаќа општината. Претставникот Игор Дамјановски објасни средствата од блок дотацијата се доволни за седум пожарникари кои се плаќаат од блок дотација, останатите тројца кои се плаќаат од општината и понатаму ќе се плаќаат од општината. Дискусијата беше исцрпена. Со 11 „за“ беше донесена Одлуката за давање согласност на измените на годишниот плана за вработување.

***ТОЧКА 2. Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2026 година***

Програмата за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2026 година беше прифатена од Комисијата опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски. Во врска со програмата објаснување имаше претставникот Тони Петровски. Претседателот на Советот Никола Дранговски праша дали секоја година се искористува планираниот буџет. Градоначалникот Никола Најдовски одговори да секоја година се искористуваат планираните средства. Советникот Гоце Јончевски побара информација колку тужби има. Претставникот Тони Петровски објасни во 2025 година имаше пријавено 4 каснувања од куче, со сите се направени спогодби исплатено му е по 40.000 да не се поднесуваат тужби да се избегнат судски

постапки. Дали тоа го прифаќаат праша советникот Гоце Јончевски. Се согласуваат одговори претставникот Петровски. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша дали овие каснувања се во градот или по селата. Претставникот Тони Петровски објасни еден случај беше во градот другите три по селата. Градоначалникот Никола Најдовски истакна често се случува по селата да ги касне куче кое има сопственик, а се пријавува како куче бездомник, потоа апелираше и до вработените во МВР кога се прават записници да се констатира и да се утврди реалната состојба во селата нема кучиња скитници. Посериозно треба да се занимаваме со тоа се знае чии се кучињата, имаше случај нивното куче го каснало, а пријави куче скитник дека го каснало. Кучињата скитници сите се со чипови. Кучиња скитници се носат од други места се оставаат во градот објасни претставникот Тони Петровски. Советничката Маја Велеска предложи да се чипирани кучињата така неможи да негира дека не е негово. Советникот Илче Ангелевски во насока на дискусијата додаде има луѓе кои ќе го згрижи кучето, потоа ќе го испушти. Советничката Велентина Ѓорѓиовска истакна проблем се кучињата кои имаат сопственици, тука треба да се вклучи Агенцијата за храна и ветеринарство да го реши тоа, потоа додаде во програмата се наведува третирање и заловување не се предвидени средства за тоа, исто така и за едукација подигнување на јавната свест ова е затаено. Потоа предложи организирање повеќе настани, соработка со невладини, активности за вдомување на кучиња. Претставникот Тони Петровски објасни тоа е планирано во делот на вакцинација. Едукацијата и подигнување на јавната свест не е затаено се организираат јавни настани имаше едукација. Се работи и на тоа поле вдомени се 5 кучиња, треба да има заинтересирани лица, поголем проблем се кучињата кои имаат сопственици. Не се работи за кучиња кои имаат сопственици предлогот е да има повеќе едукација за кучиња скитници и повеќе акитвности за едукација и вдомување нема такви активности забележа советничката Валентина Ѓорѓиовска. За поголема соработка со невладини и активисти треба да му се каже и изведувачот дека тоа го бара општината од него, а потоа праша каде се врши пријавување за заловување во општината или кај изведувачот. Градоначалникот Никола Најдовски објасни ние избираме изведувач на основ на програмата и планираните активности во неа, нивна надлежност е да ја спроведуваат. Претсаедателот на советот Никола Дранговски праша за точка 12 од програмата тест за социјализација на опасни бездомни кучиња, потоа праша како се постапува ако се знае дека некој испуштил куче. Претставникот Тони Петровски објасни за тоа одлучува Ветеринарот кој е избран дали бездомното куче е безбедно да се врати на местото од каде е заловено, пријавувањето се врши во општината или кај Ветеринарната служба секогаш заловувањето се врши во соработка со налог издаден од општината. Ако некој испушти куче случајот ако е познат се пријавува кај Ветеринарната служба, но тие немаат никаква активност. Советничката Влентина Ѓорѓиовска потенцира во доказите дека некој е нападнат од куче треба некаков доказ кое куче е да се знае дали е скитник или куче кое има сопственик, и при пријавување за заловување треба веднаш да се постапува не треба да се чека, ако не се залови навреме и се стерилизира тоа куче може во меѓувреме да има мали кучиња од едно да имаме повеќе. Советничката Клара Кузамновска предложи да се чипираат кучињата да се знае чии се. Градоначалникот објасни од овие четири случаеви само едно е сигурно дека е каснувањето е од куче скитник. Претставникот Тони Петровски одговори при пријавување веднаш се реагира во месецот планирани се 10 заловувања. Дускисја повеќе немаше. Со 11 „за" беше донесена програмата.

***ТОЧКА 3. Извештај за работата на Одделение за внатрешни работи- Полициска станица од општа надележност Демир Хисар за 2025 година***

Извештајот за работата на Одделение за внатрешни работи- Полициска станица од општа надележност Демир Хисар за 2025 година беше прифатен од Комисијата опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Љупчо Најдовски. Во врска со извештајот објаснување имаше командирот Николче Јошевски. Во врска со дискусијата за бездомните кучињата и постапката на полицијата во тие случаеви. Се постапува при пријава од итната медициска помош најчесто се потврдува случајот, бараме документација од нив, разговараме со лицето за кое куче станува збор на која локација, најчесто станува збор за куче скитник, сега се смени терминот во записниците се запишува ошететното лице каснато од куче од „непознат сопственик" наместо куче „скитник" толку можиме да излезиме во пресрет. Случајот со испуштање на кучиња ни е познат, ако ги затекнеме на

лице место е кривично правен настан, малку е дикутабилна темата, неможеме да го гониме сторителот тоа не е мачење на животни, нема со кое дело да се поврзе не е прекршок. Се согласи градоначалникот Никола Најдовски со излагањето на командирот потоа објасни имаме лоша соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство. Имаше вакви извештаи каде се користи терминот куче од непознат сопственик, но и тоа не помогна многу во судската постапка, изгубивме случај кога беа каснати две лица во кругот на ЈЗУ „Психијатриска блница“, во кругот на болницата нема надлежност општината, нити имаше пријавено институцијата дека има кучиња скитници за да ги заловиме, а сепак општината го изгуби спорот затоа во последно време правиме спогодби да ги избегнеме судските трошоци. Со кучињата кои имаат сопственици можи само Агенцијата за храна и ветеринарство да го реши тоа. Советникот Гоце Јончевски предложи поголема контрола на патиштата на малолетници со скутери. Командирот Николче Јошевски објасни новите законски одредби налагаат поголема контрола на лицата кои управуваат моторно возило, скутери, трактори да имаат положено возачки испит, прекршок и кривично дело не е исто, ако службеното лице не постапува по прекршок врши кривично дело. Дискусијата беше исцрпена. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 4. Решение за разрешување и именување на претседател на Комисија за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи***

Решението за разрешување и именување на претседател на Комисија за проценка и утврдување на штети од природни непогоди и други несреќи се става по втор пат на седница истакна претседателот на Советот Никола Дранговски, додавајќи бидејќи нема предлог за замена на лицето кое даде оставка предложи точка се одлажи за наредна седница. Едногласно предлогот беше прифатен.

***ТОЧКА 5. Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на премин преку река во н.м. Мренога***

За Одлуката за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на премин преку река во н.м. Мренога објаснување имаше претставничката Александра Трајковска. Се работи за изградба на привремен мост, додека се санира главниот мост за влез во селото. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 6. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација***

За Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација немаше дискусија. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 7. Решение за разрешување на член во Статутарно правна комисија***

Во врска со Решението за разрешување на член во Статутарно правна комисија претседателот на советот Никола Дранговски објасни Мери Најдовска поднесе оставка, на оваа седница ќе се разгледува оставката, а за предлог за именување на член ќе се расправа на наредна седница. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше прифатена оставаката.

***ТОЧКА 8. Информација до каде е постапката за изградба на храмот „Св. Кирил и Методиј“ во Демир Хисар***

Во врска со постапката за изградба на храмот Св. Кирил и Методиј објаснување имаше градоначалникот Никола Најдовски. Во постапка е изготвување на ДУП за тој дел со цел да се формира градежна парцела за храмот. Ќе има јавна расправа, ќе се поканат сите кои имаат објекти во опфатот, со донесувањето на ДУП-от ќе можи да си го откупат земјиштето, се надевам дека во овај мандат ќе започни изградбата на храмот. Исто така планирани се паркиг простори, и проширување улицата која ги поврзува Битолска и Маршал Тито. Предходниот состав на Советот има донирано средства ќе се префрлат на Иницијативниот одбор овие средства ќе можи да се користат за градба, исто и за надоместокот за одобрение откако ќе го уплатат на општината ќе му се префрлат на Иницијативниот одбор. Има предмети кои се поврзани со легализација некои имаат одобрение за градба во 1989 не изградиле, ги пропуштиле сите законски рокови сега бараат да му легализираат објектите, има други кои неможат да се решат, останатите кои немаат пречка се решаваат сите кои ги исполнуваат условите ќе се легализираат. Ќе чекаме да се донеси новиот закон за легализација има предмети каде неможи што да се прави.

***ТОЧКА 9 Предлози и прашања***

Советникот Љупчо Најдовски постави прашање до градоначалникот добил допис за збратимување за Словенија. Градоначалникот Никола Најдовски објасни имаше ваква иницијатива се размислува да се збратимиме со некоја општина блиска до нашата. Предходно имаше збратимување со општина со милионско населени, ние сме мала општина немаме ништо заедничко со такви градови. Со некоја општина блиска до нашата.

Советникот Гоце Јончевски побара објаснување за проблемот со пресметка на платите на пожарникарите требало да му се пресметува 20% зголемување за изложеност на опасност исто и хранарина за ноќна смена тоа не му се пресметувало.

Градоначалникот Никола Најдовски објасни со пресметката на платите со вработените во ТППЕ иамаме проблеми, четири пати сум тужен. Во однос на ноќната смена не сакаат да му се дава јадење сакаат пари да му се исплаќа. Вработените во пожарната се привилегирани, секогаш му излегуваме во пресрет има вработени кои не живеат во општинава, му излегуваме во пресрет правиме смени од 12 часа заради патувањето, и тоа го пресметуваат како прекувремени, земаат многу повисоки плати, имаат најдобри возила, нови уноформи се му е дадено и пак тужат.

**Барање од МПЦ Црковен одбор Св. Никола Демир Хисар**

Црковниот одбор од Демир Хисар бара средства за реановирање на тоалетите и приклучување на канализациона мрежа, почнување на постапка за проширување на парцелата на гробиштата

Претседателот на Советот Никола Дранговски предложи за првите две барања за реновирање на тоалетите да му се даде работата на ЈКП „Комуналец“ да постапи веднаш и да го известата советот дали постапиле, а за постапката за проширување на парцелата да се достави информација до Советот што треба да се направи.

Советникот Богдан Стојановски имаше забелешка за состојбата со собирање на сметот, се собира во викенд и тоа не секаде

Советникот Илче Ангелевски објасни имаат проблем со возилата има еден камион тешко оди собирањето на сметот

**Барање од МЗ Бараково**

Месната заедница од Бараково поднесе барање за оддржување на патиштата, редовно косење и оддржување на локални патишта и двете нови улици кои се асфалтираа и една споредна улица да се вклопат во програмата за зимско оддржување. Во зимско чистење да се планираат сите улици, а не само главната улица.

Дневниот ред беше исрпен Претседателот на Советот Никола Дранговски ја затвори седницата.

| | |
|---|---|
| Бр. 17- 266/3 | Совет на Општина Демир Хисар |
| 13.03.2026 година | Претседател, |
| Демир Хисар | Никола Дранговски |